**SONY**

4-423-934-**71** (1) (MK)

# Микро HI-FI Системи на компоненти

MK Упатство за употреба

©2012 Sony Corporation

* 4 4 2 3 9 3 4 7 1 * (1)

CMT-V10iP

http://www.sony.net/

## ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

За да го намалите ризикот од пожар, не покривајте го отворот за вентилација на апаратот со весници, прекривки, завеси итн. Не ставајте извори на отворен оган, како на пример свеќи врз него.

За да го намалите ризикот од пожар или електричен удар, не изложувајте го овој апарат на капење или прскање и не поставувајте предмети полни со вода, како што се вазните, врз апаратот.

Не инсталирајте го уредот во затворен простор, како што се полица за книги или вграден шкаф.

Поврзете го главниот приклучок на адаптерот за наизменична струја со лесно достапен штекер за наизменична струја бидејќи тој се користи за да се исклучи адаптерот за наизменична струја од главниот довод на струја. Ако забележите негово ненормално однесување, веднаш исклучете го од штекерот за наизменична струја.

Не изложувајте ги батериите или апаратот со инсталирани батерии на прекумерна топлина како што се сонцето, огнот или слично.

Адаптерот за наизменична струја не е исклучен од главниот довод сè додека е поврзан во приклучокот со наизменична струја, дури и ако главниот уред е исклучен.

Плочата со името се наоѓа на долната надворешна страна на главниот уред и на површината на адаптерот за наизменична струја.

### ВНИМАНИЕ

Употребата на оптички инструменти со овој производ ќе ја зголеми опасноста за повреда на очите.

CLASS 1 LASER PRODUCT
LUOKAN 1 LASERLAITE
KLASS 1 LASERAPPARAT

Овој апарат е класифициран како производ од CLASS 1 LASER. Ова означување се наоѓа на долната надворешна страна на главниот уред.

### Напомена за потрошувачите: следните информации се применливи само за опремата продадена во земјите што ги применуваат директивите на ЕУ.

Производителот на овој производ е Sony Corporation, 1-7-1 Konan Minato-ku Tokyo, 108-0075 Japan. Овластениот претставник за EMC и безбедноста на производот е Sony Deutschland GmbH, Hedelfinger Strasse 61, 70327 Stuttgart, Germany. За какви било проблеми со услугата или со гаранцијата, повикајте се на адресите дадени во посебните документи за услуга или гаранција.

### Фрлање на стара електрична и електронска опрема (Применливо во Европската унија и во други европски земји со посебни собирни системи)

Овој симбол на производот или на неговата амбалажа посочува дека со овој производ не треба да се постапува како со домашен отпад. Наместо тоа, треба се предаде на применливото збирно место за рециклирање на електрична и електронска опрема. Со правилно отстранување на овој производ ќе помогнете да се спречат потенцијални негативни последици за животната средина и за здравјето на луѓето кои инаку може да се предизвикаат со несоодветно постапување со отпадот на овој производ. Рециклирањето на материјалите ќе помогне при заштита на природните богатства. Контактирајте со локалната месна заедница, со канцеларијата за отстранување на домашен отпад или со продавницата каде што го купивте овој производ за подетални информации околу рециклирањето на овој производ.

Применлива дополнителна опрема: Далечински управувач

Само за Европа

### Отстранување на потрошени батерии (применливо во Европската унија и во други европски земји со посебни системи на собирање)

Овој симбол на батеријата или на амбалажата покажува дека со батеријата којашто се доставува со овој производ не треба да се постапува како со домашен отпад.
Овој симбол може да се користи во комбинација со хемиски симбол кај определени батерии. Хемиските симболи за жива (Hg) или олово (Pb) се додаваат ако батеријата содржи повеќе од 0,0005% жива или 0,004% олово.
Со правилно отстранување на овие батерии ќе помогнете да се спречат потенцијално негативни последици за животната средина и за здравјето на човекот коишто инаку може да се предизвикаат со несоодветно постапување со отпадот на батеријата. Рециклирањето на материјалите ќе помогне за заштита на природните богатства.
Во случај кога производите бараат трајна поврзаност со вметната батерија, оваа батерија треба да ја замени само квалификувано лице заради безбедност, функционалност или интегритет на податоците. За да бидете сигурни дека со батеријата ќе се постапи соодветно, предадете го потрошениот производ на применливото збирно место за рециклирање на електрична и електронска опрема.
Погледнете го поглавјето за тоа како безбедно да ја отстраните батеријата од производот за сите други видови батерии. Предадете ја батеријата на применливото збирно место за рециклирање на потрошени батерии.
Контактирајте со локалната месна заедница, со компанијата за отстранување на домашниот отпад или со продавницата каде што го купивте овој производ за подетални информации околу рециклирањето на овој производ или на батеријата.

### Забелешка за DualDisc

DualDisc е диск со две страни што репродуцира DVD-снимен материјал на едната страна и дигитален аудио материјал на другата страна. Сепак, бидејќи страната за аудио материјал не е во согласност со стандардот за компактен диск (CD), репродукцијата на овој производ не е гарантирана.

### Музички дискови што се шифрирани со технологиите за заштита на авторските права

Овој производ е дизајниран да репродуцира дискови коишто се усогласени со стандардот за компактен диск (CD). Во последно време, некои продукциски куќи нудат на пазарот музички дискови што се шифрирани со технологиите за заштита на авторските права. Бидете свесни дека меѓу овие дискови постојат и такви што не одговараат на стандардот за CD и може да не се репродуцираат на производот.

### Известување за лиценци и заштитени трговски знаци

- iPhone, iPod, iPod classic, iPod nano и iPod touch се заштитени знаци на Apple Inc., регистрирани во САД и во други земји.
- Технологијата за кодирање аудио според MPEG Layer-3 и патентите се со лиценца на Fraunhofer IIS и Thomson.
- Windows Media е или регистриран трговски знак или трговски знак на Microsoft Corporation во Соединетите Американски Држави и/или во други земји.
- Овој производ е заштитен со определени права на интелектуална сопственост на Microsoft Corporation. Забранета е употреба или дистрибуција на таква технологија надвор од овој производ без дозвола од Microsoft или од овластена филијала на Microsoft.
- Сите други заштитни знаци и регистрирани заштитни знаци се на нивните соодветни сопственици. Во ова упатство, знаците ™ и ® не се назначени.

## Локација на контролите

### Главен уред (врв)




6 Екран на плоча
Кога системот е вклучен, на екранот се појавува статусот за поставување.
Кога системот ќе помине во режимот на подготвеност, статусот за поставување исчезнува од екранот.

### Главен уред (предна страна)



10 Далечински сензор
11 Индикатор за далечинскиот управувач
12 Вратичка за CD (Оддел за CD)
13 Приклучок за iPod/iPhone

11 Индикатор за далечинскиот управувач
Светка портокалово кога е примен сигнал од далечинскиот управувач.

### Далечински управувач




- Во ова упатство се објаснети операциите изведени користејќи го далечинскиот управувач, но истите операции може да се изведат и со користење на копчињата на главниот уред што имаат исти или слични имиња.
- Функциите SLEEP и TIMER MENU што на далечинскиот управувач се означени во розево може да се вклучат со користење на SHIFT 20. Ако сакате да управувате со функциите SLEEP или TIMER MENU, притиснете и задржете на SHIFT 20 и притиснете на копчето SLEEP 25 или TIMER MENU 26. Ако притиснете на овие копчиња без да го притискате копчето SHIFT 20, системот ќе ја вклучи функцијата BASS BOOST или SOUND EFFECT.

### Користење на далечинскиот управувач

Отстранете го капакот на одделот за батерии и вметнете ги двете доставени батерии R6 (големина AA), ⊖ страна прво, да одговараат на половите подолу.



**Забелешки за користење на далечинскиот управувач**

- Со нормална употреба, батериите треба да траат околу 6 месеци.
- Не мешајте стари батерии со нови и не мешајте различни типови на батерии.
- Ако не го користите далечинскиот управувач подолго време, отстранете ги батериите за да избегнете можно оштетување од протекување и корозија на батериите.

## Почеток




Ⓐ До адаптер за наизменична струја
Ⓑ AM-врзувачка антена
Ⓒ FM-главна антена (издолжете ја хоризонтално).

### A Напојување (DC IN 9,5 V)

1 Поврзете го адаптерот за наизменична струја со главниот уред.

2 Приклучете го адаптерот за наизменична струја во ѕиден штекер.

### B Приклучок за AUDIO IN

Поврзете надворешна компонента за аудио.

### C Антени

Најдете локација и ориентација што обезбедуваат добар прием и потоа поставете ја AM-антената. Држете ја антената подалеку од кабелот за струја за да избегнете ловење на шум.

### Користење iPod/iPhone

1 Отворете го држачот за приклучување со притискање во неговиот центар.



База

2 Поставете го уредот iPod/iPhone.



### Поставување на часовникот

1 Притиснете I/⏻ 1 за да го вклучите системот.

2 Притиснете и задржете на SHIFT 20 и TIMER MENU 26 за да го изберете режимот за поставување на часовникот.

Ако трепка „PLAY SET“, притискајте постојано на ↑/↓ 22 за да изберете „CLOCK“, а потоа притиснете ⊕ (внеси) 18.

3 Притискајте постојано на ↑/↓ 22 за да го поставите часот, а потоа притиснете ⊕ (внеси) 18.

4 Користете ја истата постапка за да ги поставите минутите.

**Забелешка**
Поставувањата на часовникот се ресетираат кога ќе го исклучите кабелот за напојување или ако се појави грешка со напојувањето.

### Приказ на часовникот кога системот е исклучен

Притиснете DISPLAY 24. Часовникот се прикажува во текот на 8 секунди.

## Операции

### Репродукција на CD/MP3 диск

1 Изберете ја функцијата CD.
Притискајте на CD FUNCTION 2 на далечинскиот управувач или на FUNCTION 2 на главниот уред.

2 Отворете ја вратичката за CD.
Притиснете ⏏ (отвори/затвори) 9 на главниот уред.




3 Поставете диск.
Притиснете го централниот дел на дискот со два прста додека дискот не се намести во неговата положба.




4 Затворете ја вратичката за CD.
Притиснете ⏏ (отвори/затвори) 9 на главниот уред.
Се појавува „READING“.

5 Започнете ја репродукцијата.
Притиснете ▶ 3 на далечинскиот управувач или притиснете ▶II 3 на главниот уред.

#### Исфрлање на дискот

Притиснете ⏏ (отвори/затвори) 9 на главниот уред и отстранете го дискот извлекувајќи го работ на работ додека држите со прстот на вретеното.

**Забелешки**

- Системот автоматски ќе ја затвори вратата за CD 12 ако во текот на неколку минути не се изврши операција, а вратата за CD е отворена.
- Не ставајте дискови со нестандардни облици (на пример, срце, квадрат, ѕвезда). Дискот може да падне во системот и да предизвика непоправлива штета.
- Ако притиснете I/⏻ 1 кога е отворена вратичката за CD, системот автоматски ќе ја затвори вратичката за CD.
- Не користете диск со лента, пломби или лепенки на нив затоа што може да предизвика дефект.
- Држете го дискот за работ кога ќе го исфрлите од уредот. Не допирајте ја површината.

#### Други операции

| За | Притиснете |
|---|---|
| Пауза на репродукцијата | II 3 (или ▶II 3 на главниот уред). За да продолжите со репродукцијата, повторно притиснете го копчето. |
| Прекин на репродукцијата | ■ 4. |
| Избор на MP3-диск | 📁+/– 22. |
| Избор на песна или датотека | I◀◀/▶▶I 5/←/→ 22. |
| Наоѓање на точка во песна или датотека | Држете на ◀◀/▶▶ 5 (или I◀◀/▶▶I 5 на главниот уред) за време на репродукцијата и отпуштете го копчето во саканата точка. |
| Избор на повторено репродуцирање | REPEAT 17 постојано додека не се појави „⮎“ или „⮎1“. |
| Исфрлање на дискот | ⏏ 9 на главниот уред. |

#### Менување на режимот на репродукција

Притискајте на PLAY MODE 16 додека е прекината репродукцијата на плеерот. Можете да го изберете режимот за нормална репродукција („Normal“ или „FLDR“ за сите MP3 датотеки во папката на дискот), режимот за репродукција по случаен избор („SHUF“ или „FLDR SHUF*“ за случаен избор на датотеките во папката) или репродукцијата на програма („PGM“).

* Кога репродуцирате CD-DA (аудио) диск, репродукцијата FLDR (SHUF) ја изведува истата операција како нормалната репродукција (SHUF).

**Забелешки за повторено репродуцирање**

- „⮎“ покажува дека сите песни или датотеки ќе се повторуваат додека не ја прекинете репродукцијата.
- „⮎1“ покажува дека една песна или датотека ќе се повторува додека не ја прекинете репродукцијата.

**Забелешки за режимот за репродукција по случаен избор**

- Кога режимот за репродукција по случаен избор е поставен на „SHUF“ системот ги репродуцира сите песни или датотеки на дискот по случаен избор. Кога режимот за репродукција по случаен избор е поставен на „FLDR SHUF“ системот ги репродуцира сите песни или датотеки во избраната папка по случаен избор.
- Кога ќе го исклучите системот, избраниот режим за репродукција по случаен избор („SHUF“ или „FLDR SHUF“) се брише и се враќа режимот за нормална репродукција („FLDR“).

**Забелешки за репродуцирање MP3 дискови**

- Не зачувувајте друг вид на песни или датотеки или непотребни папки на диск што содржи MP3 датотеки.
- Папките што немаат MP3 датотеки се прескокнуваат.
- Системот може да репродуцира само MP3 датотеки што имаат наставка на датотеката „.mp3“.
- Дури и кога името на датотеката ја содржи наставката за датотека „.mp3“, ако суштината на датотеката се разликува, репродукцијата на ваквата датотека може да предизвика гласен шум што може да му наштети на системот
- Максимален број од:
  - 255* папки (вклучувајќи ја коренската папка)
  - 512 MP3-датотеки
  - 512 MP3-датотеки во една папка
  - 9 нивоа на папки (во структурата во форма на дрво на датотеките)
- Не може да се гарантира компатибилност со секој кодирачки/творечки софтвер за MP3, уред за снимање и медиуми за снимање. Некомпатибилниот MP3-дисковите може да даде шум или испрекинат аудио сигнал или воопшто да не репродуцира.

* Тоа вклучува папки што немаат MP3 или други датотеки. Бројот на папки што системот може да ги распознае може да е помал од вкупниот број на папки, во зависност од структурата на папките.

### Создавање сопствена програма (репродукција на програма)

1 Изберете ја функцијата CD.
Притискајте на CD FUNCTION 2 на далечинскиот управувач или на FUNCTION 2 на главниот уред.

2 Изберете го режимот на репродукција.
Притискајте на PLAY MODE 16 додека не се појави „PGM“ кога е прекината репродукцијата на плеерот.

3 Изберете папка (само MP3-диск).
Притискајте на 📁 +/– 22 за да ја изберете саканата папка.

4 Изберете го бројот на саканата песна или датотека.
Притискајте на I◀◀/▶▶I 5 додека не се појави бројот на саканата песна или датотека.




Вкупното време за репродукција на сите програмирани песни или датотеки, вклучувајќи ја и избраната песна или датотека, е прикажано во десната страна на екранот.

5 Програмирајте ја избраната песна или датотека.
Притиснете ⊕ 18 за да ја внесете избраната песна или датотека.
„--.--“ се појавува кога вкупното време за репродукција е поголемо од 100 минути за CD или кога програмирате MP3-датотеки.

6 Повторете ги чекорите од 3 до 5 за да програмирате додатни песни или датотеки, најмногу 25 песни или датотеки.

7 За да ја репродуцирате вашата програма со песни, притиснете ▶ 3 (or ▶II 3 на главниот уред).
Програмата останува достапна додека не ја отстраните дискот од одделот за диск 12 или не го исклучите кабелот за напојување.
За да ја репродуцирате истата програма повторно, притиснете ▶ 3 (or ▶II 3 на главниот уред.

#### Откажување на репродукцијата на програма

Притискајте на PLAY MODE 16 додека не се исчезне „PGM“ кога е прекината репродукцијата на плеерот.

#### Бришење на последната песна или датотека од програмата

Притиснете CLEAR 23 кога е прекината репродукцијата на плеерот.

### Слушање на радиото

1 Изберете ја функцијата TUNER.
Притискајте на TUNER FM/AM FUNCTION 2 на далечинскиот управувач или притискајте на FUNCTION 2 на главниот уред.

2 Изведете бирање на станици.

#### Автоматско скенирање

Притискајте на TUNING MODE 16 додека не се појави „AUTO“, а потоа притиснете +/– 5. Скенирањето автоматски прекинува кога ќе се најде станица, а на екранот светкаат „TUNED“ и „STEREO“ (само за стерео програми).




Ако не засветка „TUNED“ и скенирањето не прекине, притиснете ■ 4 за да го прекинете скенирањето, а потоа изведете рачно бирање (подолу).
Кога ќе изберете станица што нуди RDS-услуги, од преносот се обезбедени информации како името на услугата или името на станицата.

#### Рачно бирање

Притискајте на TUNING MODE 16 додека не се појави „MANUAL“, а потоа притискајте на +/– 5 за да ја изберете саканата станица.

**Совет**
За да го намалите статичкиот шум при слаб прием на FM-стерео станица, притискајте на FM MODE 17 додека не се појави „MONO“ за да го исклучите приемот на стерео.

### Претходно меморирање радио станици

1 Изберете ја саканата станица.

2 Притиснете TUNER MEMORY 15 за да го изберете режимот за меморирање станици.

Број за меморирање




3 Притискајте +/– 5 или ↑/↓/←/→ 22 за да го изберете саканиот број за меморирање.
Ако избраниот број за меморирање е веќе доделен на друга станица, таа се заменува со новата станица.

4 Притиснете ⊕ 18 за да ја регистрирате станицата.

**5** Повторете ги чекорите од 1 до 4 за да регистрирате други станици.
Можете да меморирате до 20 FM и 10 AM-станици.

### Вклучување меморирана станица

Ако регистрирате станица со броја за меморирање од 1 до 6, станицата ќе се вклучи само со притискање на TUNER MEMORY NUMBER (од 1 до 6) [14] кога системската функција е поставена на AM или FM.

Ако регистрирате станица со број 7 или поголем, притискајте на TUNING MODE [16] додека не се појави „PRESET“, а потоа притискајте на +/− [5] за да го изберете саканиот број за меморирање.

## Репродукција на iPod/iPhone

**1** Изберете ја функцијата iPod.
Притискајте на iPod FUNCTION [2] на далечинскиот управувач или на FUNCTION [2] на главниот уред.

**2** Поставете го уредот iPod/iPhone.

**3** Започнете ја репродукцијата.
Притиснете ► [3] на далечинскиот управувач или притиснете ►❚❚ [3] на главниот уред.

### Контрола на iPod/iPhone

| За | Притиснете |
|---|---|
| Пауза на репродукцијата | ❚❚ [3]/► [3] (или ►❚❚ [3] на главниот уред. |
| Пауза | ■ [4]. |
| Избор на песна или поглавје од аудиокнига/објава | ⏮/⏭ [5]. За брзо премотување напред, држете го копчето. |
| Барање точка во песна или поглавје од аудиокнига/објава | Држете на ◄◄/►► [5] за време на репродукцијата и отпуштете го копчето во саканата точка. |
| Избор на избраната ставка | ⊕ [18]. |
| Лизгајте нагоре/надолу по менито на iPod | ↑/↓ [22]. |
| Враќање на претходно мени или избор на мени | TOOL MENU [19]/RETURN [21]. |
| Вклучување или исклучување на репродукцијата по случаен избор | PLAY MODE [16]. |
| Избор на повторено репродуцирање | REPEAT [17] постојано. |

### Употреба на системот како полнач на батериите

Можете да го користите системот како полнач за батериите на iPod/iPhone, без разлика дали системот е исклучен или вклучен.
За да видите дали полнењето работи или не, проверете ја иконата на батеријата на екранот на уредот iPod/iPhone. Проверете го „делот за iPod/iPhone“ во „Спецификации“ за список со модели на iPod/iPhone што се компатибилни со овој систем.

### Прекин на полнењето на iPod/iPhone

Отстранете го уредот iPod/iPhone.

**Забелешка за полнењето на iPod/iPhone**
Кога е избрана USB-функција додека системот е вклучен, не можете да полните iPod/iPhone.

**Забелешки**
- Изведбата на системот може да се разликува, во зависност од спецификациите на уредот iPod/iPhone.
- Кога го поставувате или отстранувате уредот iPod/iPhone, држете го уредот iPod/iPhone под истиот агол како и приклучокот за iPod/iPhone на главниот уред и не свиткувајте и не вртете го уредот iPod/iPhone за да избегнете оштетување на приклучокот.
- Не преместувајте го системот кога во конекторот е наместен iPod/iPhone. Тоа може да предизвика дефект.
- Кога го местите или отстранувате уредот iPod/iPhone, држете го системот со една рака и внимавајте случајно да не ги притиснете контролите на уредот iPod/iPhone.
- За користење iPod/iPhone, погледнете во упатството за корисникот на iPod/iPhone.
- Sony не може да прифати одговорност во случај податоците снимени на iPod/iPhone да се изгубат или оштетат кога се користи iPod/iPhone со овој систем.

## Репродукција на датотека од USB-уред

На овој систем може да се репродуцира форматот на аудио MP3/WMA*.

* Датотеките со DRM (Digital Rights Management) заштита на авторски права или датотеките што се преземени од музичка продавница на интернет не може да се репродуцираат на овој систем. Ако се обидете да репродуцирате некоја од овие датотеки, системот ја репродуцира следната незаштитена аудио датотека.

Проверете ги интернет-страниците подолу за информации за компатибилните USB-уреди.
<http://support.sony-europe.com/>

**1** Изберете ја функцијата USB.
Притиснете USB FUNCTION [2] на далечинскиот управувач или притискајте на FUNCTION [2] на главниот уред.

**2** Поврзете го USB-уредот на ⭠ портата за (USB) [7].

**3** Започнете ја репродукцијата.
Притиснете ► [3] на далечинскиот управувач или притиснете ►❚❚ [3] на главниот уред.

### Други операции

| За | Притиснете |
|---|---|
| Пауза на репродукцијата | ❚❚ [3] (или ►❚❚ [3] на главниот уред). За да продолжите со репродукцијата, повторно притиснете го копчето. |
| Прекин на репродукцијата | ■ [4]. За да продолжите со репродукцијата, притиснете ► [3]*1 (или ►❚❚ [3] на главниот уред). За да го откажете продолжувањето на репродукцијата, притиснете ■ [4] повторно*2. |
| Избор на папка | 🗀 +/− [22] постојано. |
| Избор на датотека | ⏮/⏭ [5]/←/→ [22]. |
| Наоѓање на точка во датотека | Hold down ◄◄/►► [5] or ←/→ [22] (или ⏮/⏭ [5] на главниот уред) за време на репродукцијата, и ослободете го копчето во саканата точка. |
| Избор на повторено репродуцирање | REPEAT [17] постојано додека не се појави „↻“ или „↻1“. |

*1 Кога репродуцирате датотека со формат VBR MP3/WMA, системот може да продолжи со репродукцијата од друга точка.
*2 Продолжената репродукција започнува од правата папка.

### Менување на режимот на репродукција

Притискајте на PLAY MODE [16] додека е прекината репродукцијата на плеерот. Можете да го изберете режимот за нормална репродукција (репродукција во низа на сите датотеки од USB-уредот), режимот за репродукција во папка („FLDR“ за сите датотеки во одредена папка во USB-уредот), режимот за репродукција по случаен избор („SHUF“ или „FLDR SHUF“ за случаен избор на датотеките во папката) или репродукцијата на програма („PGM“).

**Забелешка за режимот на репродукција**
Кога ќе го исклучите системот, избраниот режим за репродукција по случаен избор („SHUF“) се брише и се враќа режимот за нормална репродукција.

**Забелешки за режимот за репродукција по случаен избор**
- Кога режимот за репродукција по случаен избор е поставен на „SHUF“ системот ги репродуцира сите аудио датотеки на USB-уредот по случаен избор. Кога режимот за репродукција по случаен избор е поставен на „FLDR SHUF“ системот ги репродуцира сите аудио датотеки во избраната папка по случаен избор.
- Кога ќе го исклучите системот, избраниот режим за репродукција по случаен избор („SHUF“ или „FLDR SHUF“) се брише и се враќа режимот за нормална репродукција („FLDR“).

**Забелешки за повторено репродуцирање**
- Ако изберете „↻“ кога системот се наоѓа во режимот за нормална репродукција, системот изведува повторено репродуцирање на сите аудио датотеки од USB-уредот додека не ја прекинете репродукцијата. Ако изберете „↻“ кога системот се наоѓа во режимот за репродукција во папка, системот изведува повторено репродуцирање на сите аудио датотеки во избараната папка додека не ја прекинете репродукцијата.
- Ако изберете „↻1“, системот изведува постојана репродукција на избраната датотека додека не ја прекинете репродукцијата.

**Забелешки**
- Редот на репродуцирање на системот може да се разликува од редот на репродуцирање на поврзаниот дигитален музички плеер.
- Проверете дали сте го исклучиле системот пред да го отстраните USB-уредот. Отстранувањето на USB-уредот кога е вклучен системот може да ги оштети податоците на USB-уредот.
- Кога е неопходно поврзување со USB-кабел, поврзете го USB-кабелот даден со USB-уредот што треба да се поврзе. Погледнете ги прирачникот за работа даден со USB-уредот што треба да се поврзе за детали за методот на работа.
- Може ќе потрае пред да се појави „READING“ во зависност од типот на поврзаниот USB-уред.
- Системот не поддржува USB-центар. Не поврзувајте го USB-уредот преку USB-центар.
- Кога USB-уредот е вметнат, системот ги чита сите датотеки на USB-уредот. Ако има многу папки или датотеки на USB-уредот, може ќе биде потребно долго време за да заврши со читање на USB-уредот.
- Кај некои USB-уреди, откако ќе се изведе операција, може да постои одложување пред истата да се изведе од системот.
- Не може да се гарантира компатибилност со секој кодирачки/творечки софтвер. Ако аудио датотеките на USB-уредот се првично шифрирани со некомпатибилен софтвер, таквите датотеки може да предизвикаат шум или прекинат звук, или може воопшто да не се репродуцираат.
- Системов не може да репродуцира аудио датотеки на USB-уредот во следните случаи:
  - кога вкупниот број на аудио датотеки во папка надминува 999;
  - кога вкупниот број на аудио датотеки на USB-уред надминува 3000;
  - кога вкупниот број на папки на USB-уред надминува 1000 (вклучувајќи ја папката „ROOT“ и празни папки).

  Овие броеви може да се разликуваат во зависност од структурата на датотеката и папката. Не зачувувајте друг вид на датотеки или непотребни папки на USB-уред што содржи аудио датотеки.
- Системот може да репродуцира само до длабочина од 9 папки (вклучувајќи ја папката „ROOT“).
- Не мора да значи дека овој систем ги поддржува сите функции дадени со поврзаниот USB-уред.
- Папките што немаат аудио датотеки се прескокнуваат.
- Со овој систем можете да ги слушате следните формати на аудио:
  - MP3: наставка на датотека „.mp3“
  - WMA: наставка на датотека „.wma“

  Забележете дека дури и ако името на датотеката ја содржи правилната наставка, ако суштината на датотеката се разликува, системот може да предизвика шум или да се предизвика дефект.

### Употреба на системот како полнач на батериите

Можете да го користите системот како полнач за USB-уреди што имаат функција за повторно полнење кога системот е вклучен.

Полнењето започнува кога USB-уредот е поврзан во ⭠ портата за (USB) [7], а не е поврзан iPod/iPhone. На екранот на US-уредот се појавува статусот за полнење. За детали, погледнете го упатството за користење на USB-уредот.

Кога е поврзан iPod/iPhone, притиснете USB FUNCTION [2] на далечинскиот управувач или притискајте на FUNCTION [2] на главниот уред за да ја изберете функцијата USB.

### Прекин на полнењето на USB-уредот

Отстранете го USB-уредот.

**Забелешки за полнењето на USB-уредот**
- Не можете да изберете истовремено iPod/iPhone и USB-уред. За да наполните USB-уред кога е поврзан iPod/iPhone, изберете ја функцијата USB. Кога не е поврзан iPod/iPhone, можете да полните USB-уред користејќи било која функција, освен функцијата iPod.
- Не можете да полните USB-уред кога системот е исклучен.

## Користење изборни аудио компоненти

**1** Подгответе го изворот на звук.
Поврзете дополнителна аудио компонента на приклучокот за AUDIO IN **B** на главниот уред користејќи аналоген аудио кабел (не се доставува).

**2** Намалете ја јачината на звукот.
Притиснете VOLUME − [8].

**3** Изберете ја функцијата AUDIO IN.
Притиснете AUDIO IN FUNCTION [2] на далечинскиот управувач или притискајте на FUNCTION [2] на главниот уред.

**4** Започнете ја репродукцијата.
Започнете ја репродукцијата на поврзаната компонента и прилагодете ја јачината на звукот.

**Забелешка**
Системот може автоматски да влезе во режимот на подготвеност ако нивото на јачината на звукот на поврзаната компонента е прениско. Соодветно прилагодете ја јачината на звукот на поврзаната компонента. Погледнете во „Исклучување на функцијата за автоматско влегување во режимот на подготвеност“.

## Прилагодување на звукот

| За | Притиснете |
|---|---|
| Прилагодување на јачината на звукот | VOLUME +/− [8]. |
| Производство на подинамичен звук | BASS BOOST [25]. |
| Поставување на звучниот ефект | SOUND EFFECT [26] постојано додека не се појави саканиот звучен ефект. Секојпат кога ќе го притиснете ова копче, звучните ефекти се прикажани во редоследот „ROCK“ → „POP“ → „JAZZ“ → “FLAT”. |

## Промена на екранот

| За | Притиснете |
|---|---|
| Промена на информациите на екранот[1] | DISPLAY [24] постојано кога системот е вклучен. |
| Промена на режимот на прикажување (видете подолу). | DISPLAY [24] постојано кога системот е исклучен. |

[1] На пример, можете да гледате информации за CD/MP3-дискот или информации за USB-уредот, како на пример:

**CD-DA-диск**
- преостанатото време за репродукција на песна за време на репродукцијата
- целосното преостанато време на репродукција

**MP3-диск/USB-уред**
- име на песната или датотеката („♫“)
- име на изведувачот („👤“)
- име на албумот („🗀“)

Системот ги нуди следните режими на прикажување.

| Режим на приказ | Кога системот е исклучен |
|---|---|
| Режим за штедење енергија[1] | Екранот е исклучен за да се заштеди енергија. Тајмерот и часовникот продолжуваат да работат. |
| Часовник[2] | Се прикажува часовникот. |

[1] Не можете да го поставите часовникот во режимот за штедење енергија.
[2] Приказот на часовникот автоматски се префрла во режимот за штедење енергија по 8 секунди.

**Забелешки за информациите на екранот**
- Кога информациите вклучуваат знаци од два бајта, секој знак од два бајта ќе зазема 2 бајта
- Знаците што не можат да се прикажат се прикажани како „_“
- Не се прикажува следново:
  - вкупното време за репродукција на MP3-диск и USB-уред
  - вкупното преостанато време за репродукција на MP3-диск и USB-уред
  - преостанатото време за репродукција на MP3-датотека на MP3-диск или MP3/WMA-датотека на USB-уред
- Следните не се прикажани правилно:
  - поминатото време на MP3-датотека што е шифрирана со VBR (различна стапка на битови)
  - имињата на папки и датотеки што не се во согласност со форматот за наставки ISO9660 Level 1, Level 2 или Joliet
- Се прикажува следново:
  - целосното време за репродукција на CD-DA диск (освен кога е избран режимот PGM и плеерот не работи)
  - преостанатото време за репродукција на песна на CD-DA диск
  - преостанатото време за репродукција за CD-DA диск (само кога е избран режимот за нормална репродукција за време на репродукција)
  - Информациите со ID3-ознаки за MP3-датотеки кога се користат ознаките ID3 верзија 1 и верзија 2 (приказот на информациите на ознака ID3 верзија 2 има предност кога за една MP3-датотека се користат ознаките ID3 верзија 1 и верзија 2)
  - до 64 знаци за ID3-ознака, каде што се дозволени големи букви (A-Z), малу букви (a-z) (малите букви ќе се прикажат како големи), цифри (0-9) и симболи (″ $ % ’ ( ) * + , − . / < = > ? @ [ \ ] ` )

## Користење на тајмерите

Системот нуди 2 функции за тајмер. Ако ги користите двата тајмера, приоритет има тајмерот за заспивање.

### Тајмер за заспивање:

Можете да заспиете со музика. Оваа функција работи дури и кога часовникот не е наместен.
Притиснете и задржете на SHIFT [20] и притискајте на SLEEP [25].
Со секое притискање на SLEEP [25] со притиснат SHIFT [20], поставеното време се намалува за 10 минути од максимумот од 90 минути до минимум од 10 минути.
За да го откажете тајмерот за заспивање, одберете „OFF“.

### Тајмер за репродукција:

Можете да се разбудите со музика од CD, FM/AM-прием, iPod/iPhone или USB-уред во претходно поставено време. Проверете дали сте го наместиле часовникот.

**1** Подгответе го изворот на звук.
Подгответе го изворот на звук и потоа притиснете VOLUME +/− [8] за да ја прилагодите јачината на звукот. Како извор на звук можете да поставите CD, iPod, USB, FM или AM-функција.
За да започнете од одредена песна на CD, аудио датотека и радиостаница креирајте своја програма.

**2** Изберете го режимот за поставување на тајмерите.
Притиснете и задржете на SHIFT [20] и TIMER MENU [26].

**3** Поставете го тајмерот за репродукција.
Притискајте на ↑/↓ [22] за да изберете „PLAY SET“, а потоа притиснете ⊕ [18].

**4** Поставете го времето за почеток на репродукцијата.
Притискајте на ↑/↓ [22] за да го поставите часот, а потоа притиснете ⊕ [18]. Користете ја постапката погоре за да ги поставите минутите.

**5** Користете ја истата постапка како во чекор 4 за да го поставите времето за прекин на репродукцијата.

**6** Изберете го изворот на звук.
Притискајте на ↑/↓ [22] додека не се појави саканиот извор на звук, а потоа притиснете ⊕ [18].

**7** Исклучете го системот.
Притиснете I/⏻ [1]. Системот автоматски се вклучува пред претходно поставеното време.
Ако системот се вклучи во претходно поставеното време, тајмерот за репродукција нема да се огласи. Не ракувајте со системот од времето кога ќе се вклучи системот до времето додека не започне репродукцијата.
Ако изворот на звук за тајмер е поставен на FM/AM-станица, системот автоматски се вклучува 15 секунди пред претходно поставеното време. Ако изворот на звук за тајмер е поставен на CD/USB, системот автоматски се вклучува 30 секунди пред претходно поставеното време. Ако изворот на звук за тајмер е поставен на iPod/iPhone, системот автоматски се вклучува 30 секунди пред претходно поставеното време.

### Проверка на поставувањето

**1** Притиснете и задржете на SHIFT [20] и TIMER MENU [26].

**2** Притискајте на ↑/↓ [22] за да изберете „SELECT“, а потоа притиснете ⊕ [18].

**3** Притискајте на ↑/↓ [22] за да изберете „PLAY SEL“, а потоа притиснете ⊕ [18].

### Откажување на тајмерот

Повторете ја истата постапка од погоре додека не се појави „OFF“ во чекор 3, а потоа притиснете ⊕ [18].

### Промена на поставувањето

Повторно започнете од чекор 1.

**Забелешки**
- Ако изберете USB-уред како тајмер и имате многу датотеки или папки на тој уред, потребно е време за процесирање, а тоа ќе предизвика мало одложување пред почетокот на репродукцијата како одговор на тајмерот.
- Ако изворот на звук за тајмерот за репродукција е поставен на FM/AM-станица, наместена со автоматско или рачно скенирање, кога ќе ја промените станицата по поставувањето на тајмерот за репродукција, бирањето на радиостаница за тајмерот за репродукција се исто така менува.
- Ако изворот на звук за тајмерот за репродукција е поставен на FM/AM-станица со регистриран број за меморирање, бирањето на радиостаница за тајмерот за репродукција, останува она што сте го наместиле. Дури и ако ја промените станицата по поставувањето на тајмерот за репродукција, поставувањето за радиостаницата на тајмерот за репродукција нема да се промени.

**Забелешки за корисникот на iPod/iPhone**
- Осигурете се дека уредот iPod/iPhone не репродуцира кога го користите тајмерот за репродукција.
- Тајмерот за репродукција може да не се активира во зависност од статусот на поврзаниот iPod/iPhone.

**Совет**
Поставувањето на тајмерот за репродукција останува важечко додека истото не е откажано рачно и не е изведено поставување на часовникот.

## Решавање проблеми

**1** Осигурете се дека кабелот за напојување е добро поврзан.

**2** Пронајдете го вашиот проблем во списокот подолу и изведете ја наведената поправка.
Ако проблемот продолжи, контактирајте со вашиот најблизок продавач на Sony.

### Општо

**Системот не се вклучува.**
- Дали кабелот за напојување е правилно поврзан?

**Системот неочекувано влезе во режимот на подготвеност.**
- Ова не е дефект. Системот автоматски влегува во режимот на подготвеност ако во текот на 30 минути немало операција или излезен аудио сигнал. Погледнете во „Исклучување на функцијата за автоматско влегување во режимот на подготвеност“.

**Неочекувано е откажано поставувањето на часовникот или тајмерот за репродукција.**
- Ако помине околу една минута без операција, поставувањето на часовникот или поставувањето на тајмерот за репродукција се откажуваат автоматски. Изведете ја операцијата повторно од почетокот.

**Нема звук.**
- Притиснете VOLUME + [8] за да ја зголемите јачината на звукот.
- Проверете дали дополнителните аудио компонентите се поврзани правилно.
- Проверете дали функцијата е поставена на AUDIO IN.
- Дали нешто ги блокира отворите за вентилацијата на системот?
- Станицата можеби привремено престанала да емитува.

**Сериозен шум или бучава.**
- Поместете го системот подалеку од извори на шум.
- Поврзете го системот со друг ѕиден штекер.
- На кабелот за напојување наместете филтер за шум (не се доставува).

**Далечинскиот управувач не функционира.**
- Отстранете ги сите пречки помеѓу далечинскиот управувач и сензорот за далечинскиот управувач [10] на главниот уред и наместете го главниот уред подалеку од флуоросцентни светла.
- Насочете го далечинскиот управувач кон сензорот на системот [10].
- Поместете го далечинскиот управувач поблиску до главниот уред.

### CD/MP3-диск

**Звукот прескокнува или дискот не се репродуцира.**
- Избришете го дискот и повторно ставете го.
- Наместете го системот на локација што е подалеку од вибрации (на пример, на врвот на стабилен држач).

**Репродукцијата не започнува од првата песна.**
- Вратете се во режимот за нормална репродукција со постојано притискање на PLAY MODE [16] додека не исчезнат и „PGM“ и „SHUF“.

**Почетокот на репродукцијата трае подолго од обично.**
- Следниве дискови можат да го зголемат времето потребно за почеток на репродукцијата:
  - диск што е снимен со комплицирана структура на дрво;
  - диск што има многу папки.

**Погрешен приказ.**
- Податоците складирани во CD-DA, MP3-уредот можеби се расипани. Извршете го преносот повторно.
- Кодовите за знаци кои може да се прикажат од страна на овој систем се следните:
  - Големи букви (A-Z)
  - Мали букви (a-z) (малите букви ќе се прикажат како големи букви)
  - Цифри (0-9)
  - Симболи (″ $ % ’ ( ) * + , − . / < = > ? @ [ \ ] ` )

  Другите знаци се појавуваат како „_“

### iPod/iPhone

**Нема звук.**
- Осигурете се дека уредот iPod/iPhone е безбедно поврзан.
- Осигурете се дека уредот iPod/iPhone репродуцира музика.
- Осигурете се дека уредот iPod/iPhone е ажуриран со најновиот софтвер. Ако не е, ажурирајте го уредот iPod/iPhone пред да го користите со системот.
- Прилагодете ја јачината на звукот.

**Звукот е изобличен.**
- Осигурете се дека уредот iPod/iPhone е безбедно поврзан.
- Намалете ја јачината на звукот.
- Наместете го поставувањето „EQ“ на уредот iPod/iPhone на „Off“ или „Flat“.

**Уредот iPod/iPhone не работи.**
- Исклучете ги сите апликации на iOS што се изведуваат на уредот iPod/iPhone. За детали, погледнете во прирачникот за работа доставен со уредот iPod/iPhone.
- Осигурете се дека уредот iPod/iPhone е безбедно поврзан.
- Осигурете се дека уредот iPod/iPhone е ажуриран со најновиот софтвер. Ако не е, ажурирајте го уредот iPod/iPhone пред да го користите со системот.
- Затоа што работата на системот и уредот iPod/iPhone се разликуваат, нема да можете да ракувате со уредот iPod/iPhone користејќи ги копчињата на далечинскиот управувач или главниот уред. Во тој случај, користете ги копчињата на уредот iPod/iPhone.

**Уредот iPod/iPhone не може да се полни.**
- Осигурете се дека уредот iPod/iPhone е безбедно поврзан.
- Осигурете се дека системот не е во функцијата USB. iPod/iPhone не може да се полни во функцијата USB.
- Не можете да го полните уредот iPod/iPhone дури и ако го поврзете USB-кабелот даден со уредот iPod/iPhone на приклучокот за USB на системот.

**Јачината на ѕвонењето на iPhone не се менува.**
- Прилагодете ја јачината на ѕвонењето на уредот iPhone.

### USB-уред

**Поврзаниот iPod/iPhone или USB-уред не се полни, кога се поврзани и двата уреда истовремено.**
- Не можете да изберете истовремено iPod/iPhone и USB-уред. Изберете ја функцијата USB за да наполните USB-уред.

**Дали користите поддржан USB-уред?**
- Ако поврзете USB-уред кој не е поддржан, може да настанат следниве проблеми. Проверете ги информациите на интернет-страниците за компатибилни USB-уреди со наведени URL-адреси под „Репродукција на датотека од USB-уредот“.
  - USB-уредот не е препознат
  - Имињата на датотеките или папките не се прикажани на овој систем
  - Не е можна репродукција
  - Звукот скока
  - Има бучава
  - Излегува изобличен звук

**Нема звук.**
- USB-уредот не е поврзан правилно. Исклучете го системот и повторно поврзете го USB-уредот.

**Има бучава, скокање или изобличен звук.**
- Користите неподдржан USB-уред. Проверете ги информациите на интернет-страниците за компатибилните USB-уреди.
- Исклучете го системот и повторно поврзете го USB-уредот, а потоа вклучете го системот.
- Самите музички податоци содржат бучава или звукот е изобличен. Шумот можеби е додаден за време на процесот на пренос. Избришете ја датотеката и обидете се со повторен пренос.
- Бит-стапката што е користена за кодирање на аудио датотеките е ниска. До USB-уредот испратете аудио датотеки со повисока бит-стапка.

**„READING“ се прикажува подолго време или е потребно долго време пред да започне репродукцијата.**
- Процесот на читање може да трае долго време во следниве случаи:
  - Постојат многу папки или датотеки на USB уредот
  - Структурата на датотеките е премногу сложена
  - Капацитетот на меморијата е надминат
  - Интегралната меморија е фрагментирана

**Погрешен приказ.**
- Податоците складирани во USB-уредот можеби се расипани. Извршете го преносот повторно.
- Кодовите за знаци кои може да се прикажат од страна на овој систем се следните:
  - Големи букви (A-Z)
  - Мали букви (a-z) (малите букви ќе се прикажат како големи букви)
  - Цифри (0-9)
  - Симболи (″ $ % ’ ( ) * + , − . / < = > ? @ [ \ ] ` )

  Другите знаци се појавуваат како „_“

**USB-уредот не е препознаен.**
- Исклучете го системот и повторно поврзете го USB-уредот, а потоа вклучете го системот.
- Проверете ги информациите на интернет-страниците за компатибилните USB-уреди.
- USB-уредот не работи правилно. Погледнете во упатствата за работа на USB-уредот околу тоа како да се справите со овој проблем.

**Репродукцијата не започнува.**
- Исклучете го системот и повторно поврзете го USB-уредот, а потоа вклучете го системот.
- Проверете ги информациите на интернет-страниците за компатибилните USB-уреди.

**Репродукцијата не започнува од првата датотека.**
- Наместете го режимот за нормална репродукција.

**Аудио датотеката не може да се репродуцира.**
- MP3-датотеките во форматот MP3 PRO не може да се репродуцираат.
- WMA-датотеките во Windows Media Audio професионален формат и формат без загуба не може да се репродуцираат.
- USB-уреди форматирани со системи на датотеки кои се поинакви од FAT16 или FAT32 не се поддржани.*
- Ако на USB-уредот што се користи постојат повеќе партиции, датотеките може да не се репродуцираат.
- Системот може да репродуцира само до длабочина од 9 папки.
- Датотеките што се кодирани или заштитени со лозинки и друго, не може да се репродуцираат.
- Овој систем не може да репродуцира датотеки со заштита на авторските права (Дигитално управување со правата).

* Овој систем поддржува FAT16 и FAT32, но некој USB-уред може да не ги поддржува овие табели за адресирање датотеки. За детали, погледнете ги упатствата за работа за секој USB-уред или контактирајте со производителот.

### Пребарувач на станици

**Сериозен шум или станиците не можат да се примат. (на екранот трепка „TUNED“ или „STEREO“.)**
- Поврзете ја антената соодветно.
- Најдете локација и ориентација што обезбедуваат добар прием и потоа поставете ја антената повторно.
- Држете ги антените подалеку од кабелот за струја за да избегнете ловење на шум.
- Исклучете ја електричната опрема во близина.

**Истовремено може да се чујат неколку станици.**
- Најдете локација и ориентација што обезбедуваат добар прием и потоа поставете ја антената повторно.
- Соберете ги каблите за антена користејќи комерцијални спојници за кабли, на пример, и прилагодете ја должината на каблите.

### Ресетирање на системот на фабричките поставки

Ако системот не работи правилно, ресетирајте го системот на фабричките поставки.
Користете ги копчињата на главниот уред за да го ресетирате системот на стандардните фабрички поставки.

**1** Исклучете го и повторно приклучете го кабелот за напојување, а потоа вклучете го кабелот.

**2** Притиснете и задржете на ►❚❚ [3] и I/⏻ [1] на главниот уред додека на екранот не се појави „RESET“.
Сите поставувања направени од корисникот, како на пример, меморираните радиостаници, тајмерот и часовникот се избришани.

### Исклучување на функцијата за автоматско влегување во режимот на подготвеност

Овој систем е опремен со функција за автоматско влегување во режимот на подготвеност. Со оваа функција системот автоматски влегува во режимот на подготвеност ако во текот на 30 минути немало операција или излезен аудио сигнал.
Стандардно, функцијата за автоматско влегување во режимот на подготвеност е вклучена.
Користете ги копчињата на главниот уред за да ја исклучите функцијата за автоматско влегување во режимот на подготвеност.

Држете на I/⏻ [1] кога системот е вклучен, додека не се појави „AUTO. STBY OFF“.
За да ја вклучите функцијата, повторете ја постапката додека не се појави „AUTO. STBY ON“.

**Забелешки**
- „AUTO. STBY“ се појавува на екранот за 2 минути пред системот да влезе во режимот на подготвеност.
- Функцијата за автоматско влегување во режимот на подготвеност е неважечка за функцијата за бирање станици (FM/AM), дури и кога ќе ја вклучите.
- Системот може да не влезе автоматски во режимот на подготвеност во следниве случаи:
  - кога ќе се открие аудио сигнал;
  - за време на репродукција на песни или аудио датотеки;
  - кога е во тек работа на тајмерот за заспивање или тајмерот за репродукција.
- Системот повторно го одбројува времето пред да влезе во режимот на подготвеност, дури и кога е вклучена функцијата за автоматско влегување во режимот на подготвеност во следниве случаи:
  - кога е поврзан iPod/iPhone или USB-уред;
  - кога е притиснато копче на далечинскиот управувач или на главниот уред;
  - кога се огласува претходно поставено време на тајмерот за заспивање или тајмерот за репродукција.

## Пораки

**CANNOT PLAY:** Сте вметнале диск што не може да се репродуцира на системот.
**COMPLETE:** Претходно поставената операција е извршена нормално.
**DEVICE ERROR:** Непредвидлива ситуација (или е поврзан непознат уред).
**FULL:** Се обидовте да програмирате повеќе од 25 песни или датотеки (чекори).
**No DEVICE:** Не е поврзан USB-уред или поврзаниот USB-уред е отстранет.
**NO DISC:** Во плеерот нема диск или сте наместиле диск што не може да се репродуцира.
**No MEMORY:** Во USB-центарот што е поврзан со системот не е приклучен мемориски уред.
**NO STEP:** Избришани се сите програмирани песни.
**NO SUPPORT:** Поврзан е неподдржан диск, USB-уред или iPod/iPhone или е поврзан iPod/iPhone чијашто батерија е празна.
**NO TRACK:** На USB-уредот или CD-дискот нема датотеки што може да се репродуцираат.
**NOT USED:** Се обидовте да изведете операција под услови каде истата е забранета.
**OVER CURRENT:** Системот откри грешка во напојувањето на поврзан iPod/iPhone или USB-уред. Отстранете ги USB-уредот и уредот iPod/iPhone од системот, исклучете го системот од напојувањето и повторно вклучете го. Ако проблемот продолжи, контактирајте со вашиот најблизок продавач на Sony.
**PROTECT:** Системот откри грешка во напојувањето. Исклучете го адаптерот за наизменична струја. Ако проблемот продолжи, контактирајте со вашиот најблизок продавач на Sony.
**PUSH STOP:** Притиснавте на PLAY MODE [16] за време на репродукција во функцијата CD или USB.
**TIME NG:** Времињата за почеток и крај на тајмерот за репродукција се исти.

## Мерки за претпазливост

**Дискови што овој систем МОЖЕ да ги репродуцира**
- Аудио CD
- CD-R/CD-RW (аудио податоци/MP3-датотеки)

**Дискови што овој систем НЕ МОЖЕ да ги репродуцира**
- CD-ROM
- CD-R/CD-RW освен оние снимени во музичкиот CD-формат или MP3-формат во согласност со ISO9660 ниво 1/ниво 2, Joliet
- CD-R/CD-RW со слаб квалитет на снимање, CD-R/CD-RW што имаат гребнатинки или се валкани или CD-R/CD-RW снимени со некомпатибилен уред за снимање
- CD-R/CD-RW што е неправилно завршен
- Дискови што содржат датотеки што не се MPEG 1 Audio Layer-3 (MP3) датотеки
- Дискови со нестандардни облици (на пример, срце, квадрат, ѕвезда)
- Дискови на коишто е залепена леплива лента, хартија или лепенка.
- Изнајмени или користени дискови со пломби каде лепилото излегува вон пломбата.
- Дискови што имаат печатени ознаки за кое е користено мастило што може да се почувствува на допир

**Забелешки за дисковите**
- Пред репродуцирање, избришете го дискот со крпа за чистење од центарот кон рабовите.
- Не чистете дискови со растворувачи како што е бензин, разредувач, комерцијално достапни средства за чистење или антистатичен спреј наменет за винил ЛП.
- Не изложувајте ги дисковите на директна сончева светлина или на топлотни извори како што се каналите за топол воздух или не оставајте го во автомобил паркиран на директна сончева светлина.

**За безбедноста**
- Целосно отстранете го кабелот на напојување (главен вод) од ѕидниот штекер (главен вод) ако нема да го користите подолг временски период. Кога го исклучувате системот од напојување, секогаш држете го приклучокот. Никогаш не извлекувајте го кабелот.
- Ако цврст објект или течност дојдат во контакт со системот, исклучете го системот и нека го провери квалификувано лице пред да го користите пак.
- Кабелот за напојување со наизменична струја може да се замени само кај квалификуван сервис.

**За поставувањето**
- Не поставувајте го системот во накосена положба или на локации што се екстремно жешки, ладни, прашливи или влажни или немаат соодветна вентилација или се предмет на вибрации, директна сончева светлина или јака светлина.
- Внимавајте кога го поставувате системот на површини кои се посебно обработени (на пример, со восок, масло, средство за полирање) бидејќи како резултат може да предизвикате дамки или обезбојување на површината.
- Ако системот се внесува директно од ладна во топла локација или се поставува во многу влажна соба, влагата може да кондензира на леќите во CD-плеерот и да предизвика дефект на системот. Во тој случај, отстранете го дискот и оставете го системот вклучен околу еден час сè додека не испари влагата.

**За акумулирање топлина**
- Затоплувањето на уредот за време на работата е нормално и не е причина за аларм.
- Не допирајте ја кутијата ако е користена постојано со голема јачина на звукот затоа што кутијата може да биде жешка.
- Не блокирајте ги отворите на вентилација.

**За системот на звучници**
Овој систем на звучници не е магнетно заштитен и сликата на блиските телевизори може да се искриви под влијание на магнетното поле. Во тој случај, исклучете го телевизорот, почекајте од 15 до 30 минути и вклучете го пак.

**Чистење на кутијата**
Чистете го овој систем со мека крпа делумно натопена со слаб раствор на детергент. Не користете каков било вид абразивни перничиња, прашок за чистење или растворувачи, како на пример, разредувачи, бензин или алкохол.

## Спецификации

**Дел на засилувач**
Излезна моќност (номинално): 4 вати + 4 вати (8 оми на 1 kHz, 1% THD)
Постојана RMS-излезна моќност (референца): 5 вати + 5 вати (8 оми на 1 kHz, 10% THD)

**Влез**
AUDIO IN (мини стерео приклучок): Чувствителност 900 mV, импеданца 47 килооми

**Избор на CD-плеер**
Систем: Компактен диск и дигитален аудио систем
Својства на ласерската диода
Времетраење на емисија: Продолжено
Излез за ласер*: Помалку од 44,6 μW
* Овој излез е мерка за вредност на растојание од 200 mm од површината на леќата на објективот на Оптичкиот блок за прибирање со отвор од 7 mm.
Реакција на фреквенција: 20 Hz − 20 kHz
Сооднос на сигнал наспроти шум: Повеќе од 80 dB
Динамички опсег: Повеќе од 80 dB

**Оддел за приемникот**
Antenna: Антена за FM
AM-врзувачка антена

**Дел на FM-пребарувач**
Опсег на пребарување:
87,5 MHz − 108,0 MHz (чекор од 50 kHz)

**Дел на AM-пребарувач**
Опсег на пребарување:
531 kHz − 1602 kHz (чекор од 9 kHz)

**Дел за iPod/iPhone**
Компатибилни модели на iPod/iPhone:
- iPod touch 4th generation
- iPod touch 3rd generation
- iPod touch 2nd generation
- iPod nano 6th generation
- iPod nano 5th generation (video camera)
- iPod nano 4th generation (video)
- iPod nano 3rd generation (video)
- iPod classic 160 GB (2009)
- iPhone 4S
- iPhone 4
- iPhone 3GS
- iPhone 3G

Написите „Made for iPod“ и „Made for iPhone“ значат дека електронските додатоци се дизајнирани за да се поврзат специфично со iPod или iPhone, соодветно и производителот гарантира дека ги исполнуваат стандардите за изведба на Apple. Apple не е одговорен за работата на овој уред или неговата согласност со безбедносните и регулаторните стандарди. Имајте предвид дека употребата на овој додаток со iPod или iPhone може да влијае на безжичната изведба.

**Дел за USB**
Поддржана бит-стапка:
MP3 (MPEG 1 Audio Layer-3): 32 kbps − 320 kbps, VBR
WMA: 48 kbps − 192 kbps, VBR
Одмерни фреквенции:
MP3 (MPEG 1 Audio Layer-3): 32/44,1/48 kHz
WMA: 44,1 kHz
⭠ Порта за (USB): Тип A, максимална јачина на струја од 500 mA

**Дел за звучниците**
Звучник за цел опсег: 80 mm, конусен тип
Проценети пречки: 8 оми

**Општо**
Побарувања за напојување:
Адаптер за наизменична струја
Влез: 110 V − 240 V AC, 50/60 Hz
Излез: DC 9,5 V 1,8 A
Потрошувачка на струја: 13 вати
Димензии (Ш/В/Д)
Приближно 400 mm × 197 mm × 114 mm
Маса: Приближно 2,4 kg
Квантитет на главниот дел: 1 дел

Доставена дополнителна опрема: Далечински управувач (1), адаптер за наизменична струја (1), AM -врзувачка антена (1), R6 (големина AA) батерии (2)

Дизајнот и спецификациите се подложни на промена без известување.

Потрошувачка на струја при мирување: 0,5 W